Финансирано од
Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПОВИК ЗА АГЕНТИ НА ТЕРЕН

**Основни информации:**

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот „Антидискриминација и остварување на правата на лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство", финансиран од „Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје", во името на проектот „Заедничка акција за човекови права" објавува повик за ангажирање на агенти на терен кои ќе им помагаа на лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство да ги оставрат совите законски права.

**Опис на активноста:**

Со оваа активност треба да се помогне во решавање на проблемот со неевидентирани лица и лица кои што немаат решено граѓански статус и остварување на правата на нивните права во областа на: вработувањето, социјалата заштита, здравствената заштита и образованието.

Целта на оваа активност е да се придонесе за решавање на проблемите на лицата неевидентирани во матичната книга на родени и лицата без државјанство,  и покренување на постапки за добивање на редовен извод на родени и постапка за државјанство како и остварување на права во областа на вработувањето, социјалната заштита, здравствената заштита или образованието.

Лицата кои ќе бидат селектирани ќе имаат организирана посета во мапираните области и директно ќе помагаат на лицата без документи. Агентите на терен ќе останат врска помеѓу лицата неевидентирани во матичната книга на родени и лица без државјанство, Ромаверзитас, државни и јавни институции.

Лицата неевидентирани во матичната книга на родени и лица без државјанство ќе присуствуват за време на работилниците и ќе ги споделуваат своите проблеми и животни стории. Така ќе може веднаш, ад-хок, да се реагира за решавање на проблемите, со помош на присуство на сите национални и локални засеганти страни.

Мапирани области: Скопје, Куманово, Тетово, Штип и Битола.

Агентите на терен ќе бидат ангажирани од 10.09.2023 до 10.12.2023 (3 месеци).

romaversitas
north macedonia

ЕПИ

**Агент за на терен:**

Обем на работата:

- Да ги посети претходно мапираните области и заедно со тимот на Ромаверзитас да помагаат во решавање на проблемите на лицата без документи
- Во соработка со тимот на Ромаверзитас, локалната самоуправа и локалниот невладин сектор да бидат логистичка поддршка во обезбедување на простор за оддржување на локалната работилница
- Да има редовна соработка со подрачната служба на УВМК
- За време на одржување на локалната работилница да обезбеди присуство на лица без документи на кои може да им се помогне ад-хок на работилнивата
- Да направат по 2-3 фотографии месечно за време на работата на терен
- Најдоцна до 15-ти во месецот да поднесат извештај за сработеното согласно темплејтот на извештај од Ромаверзитас

Потребни квалификации:

- Искуство за работа на терен со маргинализирани групи (предност со Ромската заедница)
- Одлични комуникациски вештини
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на активноста
- Претходно работно искуство со лицата без документи (ќе се смета за предност)
- Познавање на Ромски јазик (ќе се смета за предност)

**Потребни документи и начин за пријавување:**

- Кратка биографија

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 08.09.2023 на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или по пошта (или директно) во канцелариите на Ромаверзитас на адреса Ул. Мајакоски бр. 12, 1/18 - Скопје, со назнака: Апликација за Агент на терен.